РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
БИРО ЗА МЕТРОЛОГИЈА
Бр. 2003-2241/1
14.08. 2008 год.
СКОПЈЕ

Стопанска комора на мал бизнис на Република Македонија
Бр. 1/08
14.08 2008 год.
СКОПЈЕ

# МЕМОРАНДУМ

**За разбирање и деловно техничка соработка помеѓу**

1. ***БИРОТО ЗА МЕТРОЛОГИЈА***
2. ***СТОПАНСКА КОМОРА НА МАЛИ БИЗНИСИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***

**Член 1**

Меморандумот има за цел да ја унапреди соработката помеѓу Бирото за метрологија и Стопанската комора на мал бизнис или скратено КМБ, на транспарентен начин да ги соопштуваат своите активности, иницијативи за доградување на законската регулатива во доменот во кој делува Бирото за метрологија како и помош во формирање на јавната свест за имплементирање на директивите на Европската Унија од обласла на работата на Бирото за метрологија.

**Член 2**

Бирото за метрологија редовно ќе ја информира Комората за своите активности што се од значење за КМБ, а интернет страната на Бирото за метрологија ќе може да биде користена како линк од КМБ и обратно.

**Член 3**

Експертите и другите стручни лица кои се вработени во членките на КМБ се ставаат на располагање на потребите на Бирото во смисла на консултантски услуги, комисии и други потреби на службите на Бирото. Исто така, КМБ ќе лобира за потребите на Бирото преку своите воспоставени контакти во институциите на ЕУ во Брисел како идруги институции во соседните држави каде КМБ има членки и интереси.

**Член 4**

Меморандумот нема институционален и обврзувачки карактер заради што и разбирањето и добрата волја за унапредување на стопанството во земјата во рамките каде делуваат двете страни ќе дојде до израз не само кај членките на КМБ туку и кај другите стопански субјекти во земјата.

**Член 5**

Меморандумот не е со временско ограничување и истиот може да се доградува и унапредува ако за тоа се јави потреба.

| | |
|---|---|
| **БИРО ЗА МЕТРОЛОГИЈА** | **СТОПАНСКА КОМОРА НА МАЛИ БИЗНИСИ** |
| **ДИРЕКТОР,** | **ПРЕТСЕДАТЕЛ,** |
| **Пеце Ристевски** | **Слободан Сефески** |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА БИРО ЗА МЕТРОЛОГИЈА СКОПЈЕ

Стопанска комора на мал бизнис на Република Македонија Скопје